# Е - МАПАС
# бр. 30

## април 2019 година

## *ЧЛЕНОВИ ВО ВТОР СТОЛБ – НОВИ ПРАВИЛА*

### Задолжителни членови:

Вработени кој прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2019 година и на датумот на пристапувањето се помлади од 40 години:

- Треба да потпишат договор за членство во задолжителен пензиски фонд во рок од 3 месеци по датумот на вработување

- Фондот на ПИОСМ ги распределува во еден од задолжителните пензиски фондови, а доколку не ги распредели во рок од 3 месеци од вработувањето плаќа надоместок

- Доколку не потпишат договор за членство во задолжителен пензиски фонд до истекот на третиот месец по датумот на вработувањето, ќе останат членови во задолжителниот пензиски фонд во кој биле распределени од Фондот на ПИОСМ

Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

*“Никогаш не ги троши своите пари пред да ги заработиш”*
*Thomas Jefferson*

***“Неможеш да пливаш во нов хоризонт се додека не добиеш храброст да го изгубиш видикот кон брегот“- William Faulkner***



## Задолжителни членови

### Пример 1

- Стефан се вработил по прв пат на 1 март 2019 година
- Стефан на 1 март 2019 година има 25 години возраст
- Стефан е задолжителен член на вториот пензиски столб
- Стефан може да избере во кој задолжителен пензиски фонд ќе ги уплаќа своите придонеси
- Својот избор, Стефан треба да го направи во рок од 3 месеци по датумот на вработување (до 1 јуни 2019 година)
- Стефан треба да потпише договор за членство во избраниот задолжителен пензиски фонд
- Доколку Стефан не потпише договор до истекот на третиот месец по датумот на вработување, тој ќе остане член во задолжителниот пензиски фонд во кој бил распределен по метод на случаен избор




## Задолжителни членови - задоцнета распределба

За задолжителни членови (вработени по 1 јануари 2003 година) кои не биле распределени до 1.1.2019 година - Фондот на ПИОСМ има обврска да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонеси

### Пример 2

- Ања се вработила по прв пат на 1 март 2008 година
- Ања е задолжителен член на втор столб согласно критериумите пред донесувањето на измените на законот од декември 2018 година (осигуреници кои се прв пат вработени по 1.1.2003 година)
- Ања не потпишала договор за членство во задолжитеолен пензиски фонд
- Фондот на ПИОСМ не ја распределил Ања во задолжителен пензиски фонд кога таа се вработила
- Фондот на ПИОСМ ја распределува Ања на 1 март 2019 година
- Поради задоцнетата распределба Фондот на ПИОСМ заедно со придонесите на индвидуалната сметка на Ања уплатува и надоместок за ненавермено пренесување на придонеси



# Доброволни членови, родени пред 1.1.1967 г.

Доброволните членови (вработени пред 1 јануари 2003 година, кои склучиле договор за членство) кои се родени пред 1 јануари 1967 година - имаат право на избор

- Изборот за продолжување или престанување на членството во задолжителен пензиски фонд можат да го направат во периодот од 1 јануари 2019 година до 30 септември 2019 година
- Изборот се потврдува со потпишување на изјава за продолжување или престанување на членството во задолжителниот пензиски фонд


Образец број 2

ИЗЈАВА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО ВО

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Јас ___________________________________
*(име и презиме на членот)*
со МБГ ____________, адреса ______________________,
контакт телефон ____________,
е-маил ____________________ изјавувам дека сакам да продолжи моето членство во
___________________________________
*(назив на задолжителен пензиски фонд)*

Со потпишување на оваа изјава свесен/а сум дека останувам член на задолжителен пензиски фонд и немам можност да се премислам.

Датум ____________
Место____________

Примил---------------------------
*(потпис на овластено лице од МАПАС или друштвото)*

____________
*(потпис на членот)*

*Контрола на пензиските друштва врши МАПАС, www.mapas.mk, тел.02-3224-229*




Образец број 1

ИЗЈАВА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО ВО

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Јас ___________________________________
*(име и презиме на членот)*
со МБГ ____________, адреса ______________________,
контакт телефон ____________,
е-маил ____________________ барам да престане моето членство во
___________________________________
*(назив на задолжителен пензиски фонд)*
и да бидам избришан од Регистарот на членови на задолжителни пензиски фондови.

Со потпишување на оваа изјава свесен/а сум дека:

- мојата индивидулана сметка во задолжителниот пензиски фонд ќе биде затворена и сите средствата ќе бидат префрлени во Фонд на ПИОМ .
- немам можност повторно да се зачленам во задолжителен пензиски фонд.

Датум ____________
Место____________

Примил: ---------------------------

*(потпис на овластено лице од МАПАС или друштвото)*

____________
*(потпис на членот)*

*Контрола на пензиските друштва врши МАПАС, www.mapas.mk, тел.02-3224-229*

## Пример 3

- Кренар се вработил по прв пат на 1 март 2000 година и е роден на 1 март 1966 година
- Кренар имал можност да избере дали ќе пристапи во вториот пензиски столб
- Својот избор, Кренар го направил во периодот од 20 септември 2005 година до 31 декември 2005 година и потпишал договор за членство во задолжителниот пензискиот фонд кој го избрал
- Кренар има можност да избере дали ќе го прекине или продолжи членството во избраниот задолжителен пензиски фонд, во периодот од 1 јануари 2019 година до 30 септември 2019 година со давање на писмена изјава до МАПАС, преку овластено лице од МАПАС или од друштвото со кое склучил договор за членство
- Кренар треба да даде писмена изјава за продолжување или прекинување на членството во задолжителен пензиски фонд
- Доколку Кренар даде изјава за продолжување му продолжува членството во задолжителен пензиски фонд
- Доколку Кренар даде изјава за прекинување или не даде никаква изјава до 30 септември 2019 година, му престанува членството во задолжителен пензиски фонд и Кренар останува осигуреник само на прв столб



## НОВОСТИ

### *Трето пензиско друштво*

МАПАС на 20.03.2019 година издаде дозвола број 03 за основање на друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови на Заваровалница Триглав ДД Љубљана, Република Словенија.
Со ова се потврдува стабилноста и сигурноста на пензискиот систем. Влезот на трето пензиско друштво претставува можност за поголема конкурентност и развој на пензискиот систем, како и можност за поголем избор во интерес на членовите на пензиските фондови.

### *Потпишан нов меморандум за соработка на регулаторните институции на финансискиот систем во Република Северна Македонија*



Целта на потпишување на новиот меморандум е регулаторните институции на финансискиот систем на земјава да ги зајакнат активностите за подигнување на нивото на финансиска писменост, а истовремено да започнат и активности за подобрување на финансиската инклузија на популацијата. Меморандумот за соработка во сферата на финансиската едукација и финансиската инклузија е потпишан од Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Со Меморандумот, за прв пат, петте институции, во редот на своите заеднички активности ги вбројуваат и оние коишто се во доменот на финансиската инклузија на населението.

### *Глобална недела на парите 25 до 31 март 20019 година под мотото „УЧИ.ШТЕДИ.ЗАРАБОТИ“*

МАПАС и пензиските друштва - КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и Сава пензиско друштво а.д. Скопје спроведуваа едукативни активности по повод одбележување на Глобалната недела на парите 2019 година. За почеток на едукативната кампања, Агенцијата заедно со пензиските друштвата во СУГС „Орце Николов“ спроведе едукативна презентација пред учениците од четврта година, од страна на претседателот на Советот на експерти, Максуд Али и директорите на двете пензиски друштва, Весна Стојановска и Мира Шекутковска, кои ја потенцираа важноста на парите и потребата од нивно правилно управување уште од најрана возраст.

Во текот на спроведувањето на Глобалната недела на парите за 2019 година, беа опфатени повеќе градови од државата, и тоа: Скопје, Штип, Кавадарци, Куманово, Гостивар и Тетово, каде што беа посетени околу 20 средни училишта.

МАПАС повеќе години наназад спроведува активности за финансиска едукација како член на Координациското тело на регулаторни институции за финансиска едукација и финансиска инклузија во РСМ заедно со Народната банка, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Комисијата за хартии од вредност.

МАПАС и во иднина ќе продолжи со едукација и маркетинг кампањи за зголемување на финансиската писменост и финансиската инклузија особено на младите како наши идни членови во задолжителните и доброволни пензиски фондови.

GLOBAL MONEY WEEK

**_Имате прашања или поплаки?_**
**_Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk_**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk